...

Државен завод
за статистика



# Статистичко истражување за полнолетно лице против кое постапката по кривичната пријава и претходната постапка се завршени

## ПК_СК.1_А_МК_2024_1

## Референтни метаподатоци според ESMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **1** | **Контакт** |
| | |
| **1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за социјална заштита, судски и јавни статистики | |
| **1.3** | **Лице за контакт** |
| Стефан Илиевски | |
| **1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Соработник | |
| **1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **1.6** | **Електронска адреса** |
| stefan.ilievski@stat.gov.mk | |
| **1.7** | **Телефонски број** |
| 00389 2 3249 449 | |
| **1.8** | **Факс** |
| 00389 2 3111 336 | |
| **2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 22/05/2025 | |

| 2.2 | **Последна објава на метаподатоците** |
|---|---|
| 31/10/2022 | |
| **2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 22/05/2025 | |
| **3** | **Статистичка презентација** |
| | |
| **3.1** | **Опис на податоците** |
| Податоци за пол, возраст, место на постојано живеење, занимање, припадност кон етничка заедница, државјанството, податоци за кривичното дело,времето на извршување на делото, поднесителот на кривичната пријава, видот на одлуката (отфрлена пријава, прекината истрага, запрена истрага, поднесен обвинителен акт - обвинителен предлог), времетраењето на притворот, траењето на постапката, податоци за непознати сторители. | |
| **3.2** | **Систем на класификации** |
| 1.Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2; 2.Национална класификација на занимањата, 2015; 3.Системотот на образование во Република Македонија во однос на ISCED2011 - Меѓународна стандардна класификација на образованието МСКОБ (2013); 4.Кодекс за шифрирање, според Кривичниот законик на РСМ, 1996 година. | |
| **3.3** | **Опфат на сектор/и** |
| Сектор Љ-Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување, класа 84.23-Судски и правосудни дејности, според НКД Рев.2. | |
| **3.4** | **Статистички концепти и дефиниции** |
| Под поимот "пријавено лице - познат сторител" се смета полнолетен сторител на кривично дело против кого постапката по кривична пријава и претходната постапка е завршена со одлука со која: пријавата е отфрлена, истрагата е прекината, истрагата е запрена или е поднесен обвинителен акт - обвинителен предлог.<br><br>Под поимот "пријавено лице - непознат сторител" се смета лице против кого е поднесена кривична пријава до јавното обвинителство за сторено кривично дело, а кое и по истекот на една година од поднесената кривична пријава не е откриено.<br><br>Под поимот „полнолетен сторител на кривично дело“ се подразбира сторител на кривично дело кој во времето на извршување на кривичното дело имал навршено 18 години, а кривичното дело го сторил како: извршител, соизвршител, поттикнувач или помагач.Под поимот „обвинето лице“ се подразбира полнолетно лице против кое во судот е поднесено: обвинение, обвинителен предлог или приватна тужба, против кого кривичната постапка со одлука на судот правосилно е завршена. Под поимот „осудено лице“ се подразбира полнолетно лице прогласено за виновно и против кое се изречени кривични санкции. | |

| 3.5 | Статистичка единица |
|---|---|
| Извештајни единици: Основните јавни обвинителства. Единици на набљудување се пријавените полнолетни сторители на кривични дела. | |
| **3.6** | **Статистичка популација** |
| Статистичка популација се сите пријавени полнолетни сторители на кривични дела. | |
| **3.7** | **Референтна област** |
| Република Северна Македонија | |
| **3.8** | **Временска покриеност** |
| Од 1991 година. | |
| **3.9** | **Базен период** |
| | |
| **4** | **Единица на мерење** |
| Број | |
| **5** | **Референтен период** |
| Година. | |
| **6** | **Институционален мандат** |
| | |
| **6.1** | **Законски акти и други договори** |
| НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА<br><br>Закон за државна статистика („Службен весник на Република Македонија” бр. 54/1997, 21/2007, 51/2011, 104/2013 , 42/2014, 192/2015, 27/16, 83/18, 220/18  и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.31/20) (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx)<br><br>Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.29/23). (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=8) | |
| **6.2** | **Споделување на податоци** |
| Временската серија за годишни податоци: од 1997 преку TransMonEE DATABASE до UNICEF Regional Office for CEE/CIS. | |
| **7** | **Доверливост** |
| | |
| **7.1** | **Доверливост - политика** |
| 1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) .<br><br>2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( | |

https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf ).

| 7.2 | Доверливост - третирање на податоците |
|---|---|

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.gov.mk/pdf/PolitikaZaDoverlivost.pdf),индивидуалните податоци не се објавуваат.

| 8 | Политика за објавување |
|---|---|

| 8.1 | Календар на објавување |
|---|---|

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопшгтенија, кој се ажурира квартално.

| 8.2 | Пристап до Календарот на објавување |
|---|---|

https://www.stat.gov.mk/Kalendar.aspx

| 8.3 | Кориснички пристап |
|---|---|

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија " на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| 9 | Фреквенција на дисеминација |
|---|---|

Годишна.

| 10 | Достапност и јасност |
|---|---|

| 10.1 | Соопштенија |
|---|---|

Годишно соопштение: „Пријавени, обвинети и осудени полнолетни сторители на кривични дела и деца во судир со законот".

Криминалитет

http://www.stat.gov.mk/PrikaziSoopstenie.aspx?rbrtxt=14

Во согласност со Стратегијата за дисеминација (https://www.stat.gov.mk/Dokumenti/strategii/StrategijaDiseminacija2014-2016mak.pdf), Соопштенијата се објавуваат годишно и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето:„Соопштенија"

www.stat.gov.mk/PrethodniSoopstenijaOblast.aspx?id=14&rbrObl=6

| 10.2 | **Публикации** |
|---|---|

Статистички преглед: „Сторители на кривични дела". до 2017 година.
https://www.stat.gov.mk/PublikaciiPoOblast.aspx?id=43&rbrObl=6

Статистички годишник (линк:https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=34&rbr=862)

Северна Македонија во бројки (линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija.aspx?id=27&rbr=854 )

| 10.3 | **Онлајн база на податоци** |
|---|---|

МАКСтат база на податоци достапна на веб-страницата на ДЗС.

Статистички преглед: „Сторители на кривични дела". https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/?rxid=46ee0f64-2992-4b45-a2d9-cb4e5f7ec5ef

| 10.4 | **Пристап до микроподатоци** |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика ( член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели". ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22).

| 10.5 | **Друго** |
|---|---|

Податоците од истражувањето се испраќаат до UNICEF Regional Office for CEE/CIS.

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

| 10.6 | **Документација за методологијата** |
|---|---|

Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика. http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=14&rbrObl=6

| 10.7 | **Документација за квалитетот** |
|---|---|

| 11 | **Управување со квалитет** |
|---|---|

| 11.1 | **Обезбедување на квалитетот** |
|---|---|

Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика (https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=2) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework--https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в (https://www.stat.gov.mk/ZakonZaStatistika.aspx).

| 11.2 | Оценка на квалитетот |
|---|---|
| Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM) . Применатa на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците. | |
| **12** | **Релевантност** |
| | |
| **12.1** | **Потреби на корисниците** |
| Податоците ги користат државните органи, научно-истражувачките институции, поединци кои се занимаваат со проучување на појавите на криминалитет, меѓународни институции - UNICEF, Евростат и други. | |
| **12.2** | **Задоволство на корисниците** |
| Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците.<br><br>https://www.stat.gov.mk/pdf/Anketa2019.pdf | |
| **12.3** | **Комплетност** |
| | |
| **13** | **Точност и веродостојност** |
| | |
| **13.1** | **Севкупна точност** |
| Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците. | |
| **13.2** | **Примерочни грешки** |
| Не е применливо (истражувањето е со целосен опфат). | |
| **13.3** | **Непримерочни грешки** |
| Грешки во опфатот: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска. Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци. Грешки во неодговорот: Со оглед на обезбедениот целосен опфат, грешки во неодговорот нема. | |
| **14** | **Навременост и точност** |
| | |
| **14.1** | **Навременост** |
| T+180. | |
| **14.2** | **Точност** |

Податоците се објавени во утврдените рокови во согласност со Календарот на навременост.

## 15 Кохерентност и споредливост

### 15.1 Географска споредливост

Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво.

### 15.2 Временска споредливост

Обезбедена е споредливост на податоците од 1991 година, без прекин во временската серија. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е - 32.

### 15.3 Меѓудоменска кохерентност

Меѓудоменска кохерентност на податоците е делумно обезбедена.

### 15.4 Внатрешна кохерентност

Внатрешната кохерентност на податоците е обезбедена.

## 16 Трошок и оптовареност

## 17 Ревизија на податоците

### 17.1 Политика за ревизија на податоците

Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.gov.mk/RevizijaNaPodatocite.aspx.

### 17.2 Практика за ревизија на податоците

## 18 Статистичка обработка

### 18.1 Извори на податоци

Ова статистичко истражување е со целосен опфат. Извор на податоците за „Статистичко истражување за полнолетно лице против кое постапката по кривичната пријава и претходната постапка се завршени" (СК.1) се основните јавни обвинителства.

### 18.2 Фреквенција на прибирање податоци

Годишна.

### 18.3 Прибирање на податоците

Податоците се прибираат месечно со статистичкиот прашалник „Статистичко истражување за полнолетно лице против кое постапката по кривичната пријава и претходната постапка се завршени" (СК.1). Основните јавни обвинителства сами ги пополнуваат податоците и ги доставуваат до ДЗС најдоцна до 17.03.2024.

| 18.4 | Проверка на податоците |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат известајните единици. Проверка се врши и на готовите податоци пред нивното објавување.

| 18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

Едитирање: Пристигнатите податоци од основните јавни обвинителства, по проверката и евентуалната корекција во консултација со известајните единици, се внесуваат преку апликација со вградени on-line контроли. Излезните резултати се табелираат според однапред подготвени табели со услови за табелирање. Се врши контрола на излезните табели со споредба и анализа на податоците пред нивното објавување.

| 18.6 | Прилагодување |
|---|---|

Не се врши израмнување на податоците.

| 19 | Коментар |
|---|---|

| А.1 | Анекси |
|---|---|